**Дозвола за Терапевтска Употреба (ДТУ)**

Правилата на секторот за Анти-допинг при ФФМ за менаџирање на барањата за ДТУ, се хармонизирани со Интернационалните Стандарди на ВАДА.

Што е ДТУ?

ДТУ е дозвола за корестење, во терапевтски цели, супстанци и методи содржани во забранетата листа на ВАДА. Како сите луге и спортистите може да се заболени или повредени и да имаат потреба од лекување. Ако супстанцата или методата што треба да се користи е на забранетата листа, спортистот мора да аплицира за ДТУ со цел да ја користи ова забранета суптанца или метода. Пред спортистот да аплицира за ДТУ треба да го консултира клубскиот доктор за можни алтернативни медикаменти или методи кои не се на забранетата листа.. Ако постојат такви, апликацијата ке биде одбиена и целит процесс за лекување и опоравување ке биде непотребно одложен.

**Како спортистот да добиде ДТУ?**

Доколку се работи за натпревари од домашните (националните) првентства се аплицира до ФФМ Анти-Допинг телото најмалку 30 денови пред почетокот на нтпреварувањето . Доколку пак се работи за меѓународни натпревари се аплицира до Мегународната Федерација или ВАДА.

Формуларите за ДТУ може да се најдат и симнат од веб страната на ФФМ.

Формуларот го пополнува клубскиот доктор или докторот кој го лекува спортистот со печатни букви и читко и разбирливо секоја рубрика. Доколку е нечитко нема да се разгледува.

Треба да се пропрати заедно со апликацијата целокупната медицинска документација која го подржува барањето за ДТУ. Тоа може да вклучува медицинска историја,резултати од рендген,КТ, ехо, магнетна резонанца и извештај на доктор специјалист кој го предлага третманот.

Барањето го потпишуваат спортистот и клупскиот лекар. Барањето се доставува до ФФМ Анти-Допинг телото по факс или пошта или лично.

Доколку се работи за спортист со Астма кој треба да користи забранети Бета-2 агонисти (пр. Тербуталин), спортистот мора да се подвргне на потребните тестирања за белодробната функција и резултатите од тестирањата треба да се испратат заедно со барањето за ДТУ. Оваа постапка е опишана засебно како Потребни иследувања за Астма ДТУ во овој документ.

**Спортистот не смее да го користи медикаментот или методата додека не добие ДТУ!**

Сите информации содржани во барањето за ДТУ ке се третираат како доверливи медицински податоци. Доколку ФФМ Телото бара мислење од надворешни стручни лица за односната ДТУ, не смее да го спомени името на спортистот  за кого се бара ДТУ.

**Критериуми за одобрување на ДТУ**

Правилата за менаџирање на ДТУ  барањата и критериумите за одобрување на барањето се составен дел на ВАДА  Интернационалните  Стандарди за ДТУ. Според чл.4.1 од овој документ, најважните критериуми за одобрување на барањата се следните:

-Спортистот ќе доживее значително влошување и здравствени проблем доколку не го употребува бараното средство или метода.

-Терапиското средство или метода нема да предизвика зголемување на перформанситена спортистот поголеми од оние кои ќе ги има по враќањето во нормална и здрава состојба за натпревари.

-Кога не постои терапевтска  алтернативе за лекување на забранетото средство или метода.

-Потребата за користење на забранета супстанца или метода не може да биде резултат на порано веќе  користена, без добиена ДТУ, за забранетата супстанца или метода (прикривање на веќе сторен прекршок).

ВАДА бара сите Анти-Допинг Организации да имаат независно ДТУ тело да ги менаџира ДТУ барањата. Барањата за ДТУ ќе се разгледуваат и одлучува по нив од страна на ФФМ Анти-Допинг  телото со мислење на експерти од медицинската област. Доколку Барањата  се некомплетни може да се побара од спортистот дополнителни иследувања и податоци. Целокупната постапка е целосно хармонизирана  со ВАДА Интернационалните Стандарди  за ДТУ

Според ВАДА  Интернационалните Стандарди за ДТУ барања, ФФМ Анти-Допинг Телото мора да донесе одлука во рок од 30 дена по добивањето на барањето за ДТУ. Во случај на хронични болести кои се лекуваат со медикаменти на забранетата листа, спортистот мора да аплицира за ДТУ навреме  (миниму 30 ден) пред почетокот на натпреварувањето како би добил навремен одговор.

**Ургентни живото-загрозувачки состојби?**

Во случај на ургентни состојби процедурата за ДТУ не смее да го загорзи навремениот третман на заболениот спортист. Во такви случаи може да се користи забранета супстанца, ако е неопходно, и потоа, ретроактивно, се поднесува барање за ДТУ. Ретроактивното барање за ДТУ ке се разгледува само доколку постои јасна медицинска потврда доказ за ургентоста на состојбата која морало да се третира со забранета супстанца или метода.

**Користењето на забранета супстанца за брзо опоравување од повреда за да се биде способен во следните многу важни натпреварувања не е медицинска ургентна состојба**.

По одобрувањето на ДТУ ФФМ АД телото ке го информира спортистот по факс или пошта за одобрена ДТУ, заедно со копии до односната Национална Федерација, мегународната Федерација, и ВАДА.

ВАДА добива копии од одобрените ДТУ, И може да направи ревизија на таквите одлуки. Доколку ВАДА одлучи дека одобрената ДТУ од страна на ФФМ телото не соодветствува со Интернационалните Стандарди таа може да ја поништи ДТУ. Во тој случај ФФМ АД телото или спортистот поднесува жалба до арбитражниот суд за спорт (КАС) за конечна одлука.

Доколку ФФМ АД Телото го одбие барањето за ДТУ спортистот може да побара ДТУ од органите на ВАДА во рок од 21 ден од кога бил информиран дека неговото барање од комисијата било одбиено. Сите трошоци за ваквото бараењ ги поднесува самиот спортист. Жалбеното барање до ВАДА не ја суспендира одлуката на комисијата и спортистот не може да користи забрането средство или метода се додека не добие дозвола од ВАДА. Доколку и ВАДА го одбие неговото барање, спортистот може да поднесе жалба и барање до арбитражниот суд за спорт (КАС) за конечна одлука. Доколку ВАДА ја поништила одлуката на ФФМ АД телото и одобрила ДТУ, ФФМ АД телото го задржува правото да ја обжали таквата одлука пред арбитражниот суд за спорт.

.

ДТУ се одобрува за специфичните медикаменти и дефинирани дози. Тие исто така може да бидат одобрени за специфичен период на времетраење. Затоа, спортистот треба да се придржува на сите услови кои се составен дел на ДТУ. Особено треба да се внимава да не се надмине дозата која е специфицирана на ДТУ. Доколку времетраењето на ДТУ изминало а играчот има потреба за долготрајно користење на таквите супстанци и методи тој треба да поднесе ново барање за истите.

Доколку играчот е селектиран да оди на допинг контрола тој мора да ги декларира на посебниот формулар за декларација на медикаменти сите медикаменти и други суплементи што ги има земено и, да ја покаже копијата од ДТУ на допинг контролорот. Тој постојано мора да носи копија од ДТУ со себе. Доколку играчот бил на допинг контрола, лабораторијата ќе го информира ФФМ АД телото за позитивниот наод. ФФМ АД телото ќе направи компарација на детектираните дози на забранета супстанца во примерокот кој бил на анализа со дозата за која има приложено ДТУ, начинот на администрирање, типот на супстанцата и времето кога била администрирана. Доколку компаративната контрола е задоволителна, резултатот од анализата ќе се смета за негативен.